УДК 37.035.3+37.031.4

Марија КОСТОВА

# АКТУЕЛНИ ПРОБЛЕМИ ВО ТЕОРИЈАТА НА РАБОТНОТО И ПОЛИТЕХНИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ

Прашањата за карактерот и функцијата на работното и политехничкото воспитание се присутни во целокупното наше воспитание, како едни од суштинските проблеми на теоријата на педагогијата. Иако во различни периоди од нашиот општествено-економски, техничко-технолошки, културен и друг развиток интересот за проблемите од работното и политехничкото воспитание видно осцилира, може да се каже дека прашањата кои се однесуваат на концепциската и системската поставеност на ова воспитание во нашата педагошка теорија и практика имаат свој континуитет и постојана актуелност.

Настојавањата кои водат кон вклучување на нашата земја во европските и светските научно-технички, технолошки и општествени промени, меѓу другото ја наметнуваат и потребата од откривање на проблемите на ова воспитно подрачје, оценување, па дури и преиспитување на неговиот карактер, суштина и функција и на концепциската и системската поставеност. Во оваа смисла, откривањето и разрешувањето на теориските проблеми кои се јавуваат како основни детерминации на концепцијата на работното и политехничкото воспитание, влегува во фокусните прашања кои бараат свое научно објаснување.

Теориските решенија на работното и политехничкото воспитание се наоѓаат во непосредна или посредна зависност од низа услови, односи, состојби и сл. и оттука може да се зборува за претпоставки кои ги детерминираат теориските решенија, па и концепциските и практичните обиди за реализација на работното и политехничкото воспитание во современи услови. Ваквите детерминанти или претпоставки на современото работно и политехничко воспитание се многубројни, повеќезначни и често се испреплетуваат меѓу себе. Главно, имаат општествено-економски, техничко-технолошки и педагошко-психолошки карактер. Во контекстот на претпоставките од општествено-економски и техничко-технолошки карактер посебно значење имаат современата научно-технолошка револуција и барањето за соединување на воспитанието со работата, додека пак, во

претпоставките од педагошко-психолошки карактер барањето за сестран развиток на личноста како општа воспитна цел и соодносот на барањето за сестран развиток на личноста и барањето за оспособување на човекот за работа, современиот карактер на општото, стручното и политехничкото образование и нивниот сооднос, како и психолошките димензии на работата и работното воспитание. Тоа не значи дека со нив се исцрпуваат сите услови, односи, состојби и сл. кои го детерминираат работното и политехничкото воспитание, меѓутоа, откривањето на суштината и карактерот на наведените претпоставки јасно укажува на условеноста на теориските и практичните решенија на работното и политехничкото воспитание од целината на овие услови, односи, карактеристики и сл.

Со условите што ги поставува пред луѓето, нивната работа и нивното образование, научно-технолошката револуција се јавува како суштинска одредница на карактерот, суштината и решенијата на современото работно и политехничко воспитание.

При разгледувањето на прашањето — како процесот на научно-технолошката револуција делува врз карактерот на современото работно и политехничко воспитание, потребно е да се одговори пред сè како научно-технолошката револуција делува врз промените на карактерот и суштината на современата работа и врз промените на системот и на содржините на современото образование и воспитание.

Прво, карактерот на современата производна работа се менува во зависност од развитокот и усовршувањето на средствата за производство. За производната работа во ерата на научно-технолошката револуција се карактеристични автоматите и автоматските линии, производна работа која претпоставува обединување на технолошките операции и функции[1], што од своја страна бара и условува соединување на работните функции на работникот.

По однос на работните принципи во производната работа, на етапата на комплексната автоматизација на производството ѝ одговара регулативниот (управувачки) работен процес. Работникот ослободен од непосредната работа на машините се поставува во позиција на нивни контролор. Во ова производство доаѓа до намалување на физичкиот дел на работата за сметка на интелектуалната активност.

Автоматизираното производство бара многустрана, политехничка работа и во зависност од степенот на автоматизацијата во различните конкретно-општествени, техничко-технолошки и економски и други услови се менува и односот помеѓу монотехничките и политехничките работници.[2]

Оттука, оспособеноста за работа сè помалку значи обучување за стекнување на определени работни вештини. Образованието за т.н. поливалентен работник претпоставува оспособување за повеќе

[1] С. Безданов, Научно-технолошка револуција и образовање у развоју социјалистичког самоуправног друштва, Зборник радова, Нови Сад, 1980, стр. 25.

[2] О. Павлик, Аутоматизација и школа, Школска књига, Загреб, 1970, стр. 16.

работни функции од определена струка или група на струки. Меѓутоа, политехничката улога на работникот не се сведува само на негово оспособување за обавување на поливалентни работни функции, туку подразбира и целосно поимање на суштината на техничките, организационите и економските процеси, разбирање на внатрешните комуникации, дејности и релации на тие процеси, политехнички пристап при нивното насочување и способност да се интервенира во ситуации кога системот не функционира.[3]

Таквото оспособување претпоставува образование втемелено врз широки научни сознанија, моторички, сензорни и интелектуални способности, работни навики и правилен однос кон работата и работните луѓе. Политехничкото образование како неразделна компонента на современото општо образование има првично значење во формирањето на таквите способности кај човекот.

Севкупноста на условите кои се прекршуваат низ призмата на феноменот на научно-технолошката револуција и општествениот развиток кај нас, обезбедуваат поволни претпоставки за правилна концепциска поставеност и правилни решенија за начините, постапките, методите и средствата на современото работно и политехничко воспитание и наведува на неминовноста тоа да постане суштина на целокупниот систем на воспитанието и образованието, за остварување на такво работно и политехничко воспитание кое ќе биде во функција на развитокот на личноста, но и во функција на општествениот развиток во целина.

Проблемот на поврзувањето на работата и воспитанието претставува прашање кое се наоѓа во фокусот на основните проблеми што треба да ги реши теоријата на современото воспитание.

Процесот на воспоставување единство на воспитанието со работата има неколку димензии, меѓу кои поважни се: општествено-економската, општествено-организационата и педагошко-дидактичката (методичката).[4]

Од педагошка позиција значаен е третиот педагошко-дидактички аспект на проблемот на поврзувањето на работата и воспитанието. Оваа димензија на проблемот за основа ги има потребите и проблемите кои се однесуваат на воспитно-образовниот систем. Меѓутоа, во прв ред станува збор за потребите, содржините, организационата поставеност и начините на реализација на работното и политехничкото воспитание, пред сè, остварување на барањето за поврзување на наставата со производната работа на учениците.

Во контекстот на можностите за остварување на ова барање потребно е да се нагласи дека поврзувањето на работата и воспитанието во воспитно-образовните организации не може да се остварува со „корекции" на досегашната концепциска поставеност на

---

[3] В. Дамјановић, Прилог детерминацији, функције и садржине техничког васпитања и образовања у условима научно-технолошке револуције, Научно технолошка револуција ... Зборник радова ... стр. 342.

[4] С. Безданов, Претпоставке и последице остваривања јединства удруженог рада и образовања, васпитања и рад, стр. 359.

воспитанието и училиштето, ниту со „додавања“ на работата на воспитанието на учениците, туку барањето за враќање на отуѓеното воспитание на човекот и општеството по пат на соединување на воспитанието и работата претпоставува радикални промени во традиционалниот пристап кон воспитанието, училиштето и другите воспитно-образовни организации.

Од друга страна не смее да се заборави фактот дека интеграцијата на воспитанието и работата може да се оствари само во случај кога паралелно со производниот и општествениот развиток ќе тече и развитокот на личноста на човекот, пред сè, свесната, творечка и општествена компонента кај човекот, што укажува на погрешноста на становиштето според кое соединувањето на работата и воспитанието, само по себе, ќе доведе до развиток на човекот, работата и општеството. Тоа претпоставува постоење на воспитанието како посебно подрачје на општествената дејност и развиток на човекот во сите негови димензии преку разни форми на воспитно делување. Токму во контекстот на решенија на овој план треба да се разгледува и теориската и концепциската поставеност, па и реализацијата на работното и политехничкото воспитание.

Тоталниот развиток на личноста, како општа воспитна цел, се јавува и како една од основните претпоставки за решенијата (пред сè теориски и концепциски) на работното и политехничкото воспитание.

Кај дел педагошки теоретичари се развило гледиштето според кое трудовата активност и конкретниот труд претставуваат главна претпоставка и атрибут на целосното развивање на личноста. Во оваа смисла се пренагласува функцијата на работното и политехничкото воспитание и поврзувањето на наставата со производната работа на учениците, на кои се гледа како на единствени патишта преку кои може и треба да се остварува целосниот развиток на личноста.

Спротивно на ваквото гледиште е становиштето според кое, во услови на автоматизација на производството и интелектуализација на работните процеси нестанува физичката работа и оттука целосно развиениот човек во современите услови е човек со широко развиени интелектуални способности. Претставниците на ваквото гледиште ја истакнуваат потребата од хуманитарна ориентација на современото образование, при тоа потпирајќи се врз тврдењето дека современата техника го „дехуманизира“ човекот. Од такви позиции тие се спротивставуваат на воведувањето на работното и политехничкото воспитание во училиштето и ја глорифицираат улогата на учењето како суштинска трудова активност.[5]

Ако се има предвид меѓузависноста на развитокот на човековите својства и работата не е можно работното и политехничкото вос-

---

[5] Љ. Копровски, Некои аспекти на современиот третман на поимот сестрано развиена личност, Одбрани трудови 1945—1970, „Просветно дело“, Скопје, 1970, стр. 19.

питание и поврзувањето на наставата со производната работа на учениците да се претставува како единствена основа врз која може и треба да се остварува целосното развивање на личноста.

Сведувањето на целосниот развиток на личноста само на работно и политехничко воспитание или на воспитание преку работа, би значело одрекување од развивањето на својствата кои можат и мораат да се развиваат во разните облици на општественото суштествување на човекот и во воспитанието. Тоа не значи дека не е потребно да се настојува сите тие подрачја да се насочуваат и да се развиваат во единство и поврзаност со работата.

Од суштинско значење за теориската и концепциската поставеност на работното и политехничкото воспитание е решавањето на прашањето како и на кој начин процесот на оспособувањето на учениците за работа содржински и организационо да се вклопи во целината на тоталниот развиток на личноста на ученикот, односно истовремено и напоредно да тече процесот на оспособувањето за работа и процесот на целосното развивање на личноста на учениците.

Во смисла на разрешување на ова прашање во воспитно-образовната работа како раководно треба да се постави барањето оспособувањето за работа секогаш да се врши во корелативна поврзаност со целосниот развиток на особините, односно со вредносната содржина на личноста. Во контекстот на таквото формирање на учениковата личност како посебно значајно воспитно подрачје се јавува работното и политехничкото воспитание, посебно поврзувањето на наставата со производната работа на учениците.

Определувањето на карактерот, суштината и содржината на општото, стручното и политехничкото образование и нивниот однос претставува важно теориско прашање од чие решавање зависи, меѓу другото и системската поставеност на политехничкото образование во современиот воспитно-образовен систем. Имено, бројните дилеми и различните пристапи во поставеноста и реализацијата на работното и политехничкото воспитание се условени токму од нееднинствениот пристап по прашањето дали политехничкото образование и пошироко работното и политехничкото воспитание претставува дел на општото образование и е во функција на целосниот развиток на личноста или е и треба да биде дел на стручното образование и да биде насочено кон стручното оспособување на учениците. И едното и другото становиште се јавуваат како последица на недоволно разјаснетата позиција на политехничкото образование.

Од функциите што ги обавува (општокултурна, политехничка работна или социјална и професионална)[6] политехничкото образование како компонента на општото образование рамноправно учествува и во формирањето на личноста на човекот и во неговото подготвување за стручно, професионално образование. Значи, работно-

[6] И. Мрмак, Остваривања нашег васпитног циља у процесима интеграције васпитања и рада, Васпитање и рад . . . стр. 430.

то и политехничкото воспитание, а потесно политехничкото образование се испреплетува со општото и стручното образование и истовремено е во функција на остварувањето и на едното и на другото.

Наведените претпоставки кои го детерминираат современото работно и политехничко воспитание имаат свое значење и оправданост, меѓутоа фундамент од кој треба да се поаѓа во решавањето на работното и политехничкото воспитание треба да претставуваат теориските решенија кои се однесуваат на внатрешните теориски законитости на работното и политехничкото воспитание.

Значајно е да се напомене дека не секогаш и секаде овие теориски решенија се единствени. Напротив, кај различни автори и во различни конкретно-историски и техничко-технолошки услови можат да се сретнат различни решенија на одделните проблеми на ова воспитание. Токму затоа може да се зборува за дилеми во теоријата на работното и политехничкото воспитание.

Сметајќи ги за основни теориски проблеми ние ќе се задржиме на дилемите во теоријата на работното и политехничкото воспитание кои се однесуваат на прашањата: дали е потребно и можно постоење на работно и политехничко воспитание како посебно фундаментално подрачје; прашањето за позицијата на ова воспитно подрачје, односно за тоа дали работното и политехничкото воспитание треба и може да биде само наставен предмет или само принцип или и едното и другото; дилемите по однос на значењето на работното и политехничкото воспитание за развитокот на личноста; дилемите по прашањето за суштината и остварувањето на поврзувањето на наставата со производната работа на учениците; дилемите по однос на содржината на ова воспитание; и дилемите по однос на возраста од која треба да се почне со работно и политехничко воспитание на учениците.

Во педагошката теорија не постои единствен пристап по прашањето дали работното и политехничкото воспитание претставува посебно воспитно подрачје, или тоа е само составен дел или компонента на некое друго воспитно подрачје (интелектуалното, моралното и слично) и дали работното и политехничкото воспитание може да се сведе само на политехнички содржини во наставата и воспитно образовната работа воопшто.

Одговорот на ова прашање во теоријата на педагогијата и аргументите „за“ и „против“ постоењето на работно и политехничко воспитание, како посебно воспитно подрачје, може и треба да се извлечат пред сè од анализата на суштината и карактерот на работата и нејзината улога и значење во развитокот на човекот и општеството, и тоа од филозофски, социолошки, морален, психолошки и педагошки аспект на работата.

Прво, не е потребно да се докажува дека развитокот на општеството е условен пред сè од развитокот на работата на луѓето.

Во процесот на онтогенетскиот развиток човекот кој се јавува на свет како просто биолошко суштество со посредство на сопстве-

на работна активност низ општествено-историскиот процес на развитокот на општеството станува личност. И развитокот на детето од биолошко суштество во личност, според психолошкото учење, ги следи законитостите по однос на заемниот однос на средината и воспитанието.

Работната активност на луѓето е во функција на нивниот физички, интелектуален, морален и естетски развиток.

Како општествена категорија работата претставува заедничко настојување на група луѓе за успех вò дејноста што се обавува, а со тоа и способност за соработка и живеење со другите луѓе во непосредната и посредната средина.

Работата претставува основна егзистенцијална потреба на човекот но и област на негово самопотврдување и самореализирање.

Ако работата и творештвото претставуваат конститутивен елемент на човековата суштина не само од егзстенцијален туку и од есенцијален аспект, тогаш и воспитанието за работа треба да претставува конституент на воспитно-образовниот процес и да зазема средишно место во системот на воспитанието. Меѓутоа, прашање е дали такво место може да му се даде на работното и политехничкото воспитание ако тоа се разгледува како дел или компонента на интелектуалното или некое друго воспитно подрачје.

Во прилог на оправданоста од постоење на работно и политехничко воспитание како посебно воспитно подрачје е и фактот што преку ова воспитание се остваруваат основните задачи на воспитанието (материјалните, формално-функционалните и воспитните) и ги поседува основните компоненти на секое воспитание (рационалната и волевата).[7]

Аргументите што одделни автори со различен пристап по прашањето дали ова воспитно подрачје претставува самостојно поддачје или е дел на интелектуалното или некое друго воспитание, не се исклучуваат едни со други, меѓутоа докрај не ја оправдуваат потребата од вклучување на работното воспитание во рамките на некое друго воспитание. Тие укажуваат на фактот дека сите воспитни подрачја, а пред сè работното и интелектуалното се воспитанија кои меѓусебно се испретплетуваат и надополнуваат и не е можно нивно грубо одвојување и разграничување.

Оттука е оправдано работното, интелектуалното, моралното, физичкото и естетското воспитание да се разгледуваат во нивна меѓузависност и поврзаност, како категории кои не се исклучуваат туку се надополнуваат. Меѓутоа, таквата поврзаност не им го одзема легитимитетот на посебни воспитни подрачја на сите воспитанија, а најмалку на работното и политехничкото воспитание.

Уште повеќе, ако се појде од определбите според кои работата претставува процес помеѓу човекот и природата во кој човекот целосно се активира, дека под работа се подразбира не секоја ак-

[7] А. Вукасовић, Радни одгој као фундаментално одгојно подручје, Васпитање и рад, Педагогија, број 1—4, 1977.

тивност туку насочена, свесна активност со која се постигнуваат однапред одредени цели,[8] дека работата е израз на комбинирани физички и психички процеси кои настануваат во текот на остварувањето на некоја цел,[9] значи дека под поимот работа се подразбира секоја свесна и насочена активност, тогаш не постои оправдување интелектуалната работа да се одвојува од физичката. Оттука и воспитанието за таа активност (интелектуалното воспитание) треба да биде само дел на воспитанието за работа.

Еден од клучните проблеми на теоријата на работното и политехничкото воспитание е прашањето за неговата позиција во воспитно-образовниот процес, односно прашањето за тоа дали работното и политехничкото воспитание е и може да се реализира преку посебен наставен предмет, или тоа претставува наставен принцип кој се остварува во наставата од другите наставни предмети, а посебно од природната група на предмети и математиката, или пак претставува воспитен принцип кој треба да се остварува во целокупниот воспитно-образовен процес.

Прифаќањето на становиштето според кое работното и политехничкото воспитание претставува само наставен предмет претставува одредување на организационата поставеност и содржината на овој наставен предмет, одредување на неговата специфика, а во функција на тоа, одредување на физиономијата на таквиот наставен предмет кој ќе има претензии да ги остварува задачите на работното и политехничкото воспитание во нивната целина, а во таа смисла одредување на принципите, методите, средствата и облиците на работа.

Од друга страна, прифаќањето на становиштето според кое работното и политехничкото воспитание треба и може да се остварува преку наставните содржини и поставеноста на другите наставни предмети, бара поинаква поставеност на наставата по сите наставни предмети и тоа не само од аспект на содржинската опфатеност, туку и од аспект на нивната организација, на облиците, методите и средствата на нивната реализација.

Уште повеќе ако се прифати ставот според кој задачите на работното и политехничкото воспитание треба да бидат задачи на целокупната воспитно-образовна работа во училиштето, тогаш нивното остварување бара поинаква поставеност на целокупната дејност во училиштето.

Суштината на работното и политехничкото воспитание и специфичноста на задачите што треба да ги остварува, претпоставува негово остварување и преку т.н. политехнизација на наставата но истовремено и преку посебен наставен предмет кој започнува

---

[8] З. Бујас, Психофизиологија рада, Југославенска академија знаности, Загреб, 1959, стр. 9.

[9] Педагошки речник, Завод за издавање уџбеника СР Србија, Београд, 1967.

со системот на теориски знаења од областа на техниката, технологијата и производството и нивната практична примена и во таа смисла води кон овладување на определени живеења и навики за управување, организирање, раководење и регулирање на посебните технички средства, објекти, машини и сл. или со технолошките процеси.

Во педагошката литература, се присутни нееднинствени ставови и по однос на значењето на работното и политехничкото воспитание во развитокот на личноста на учениците. Може да се каже дека егзистираат две екстремни становишта и тоа: сфаќања кои го потценуваат значењето на работното и политехничкото воспитание, и сфаќања кои го преценуваат неговото значење по однос на функцијата што ја има во развитокот на личноста на учениците.

Претставниците на првото становиште пред сè се поборници на т.н. „хуманистички" ориентирано воспитание и образование. Во нивните размислувања воведувањето на работа во наставниот процес се разгледува како средство на „дехуманизација на образованието", како средство кое води кон намалување на нивото на општото образование кај учениците.

Мислењата и ставовите кои одат на линија на негирање на значењето на работата и на работното и политехничкото воспитание, како своја теориска основа, не ретко, го застапуваат становиштето на т.н. „технолошки песимизам", чија суштина се манифестира во сфаќањето според кое усовршувањето на машините ќе го оттуѓат човекот од светот и природата.[10]

Од друга страна, како антитеза на претходното сфаќање се јавува становиштето кое појдува од т.н. „технички детерминизам", според кое, техниката го има пресудното значење во развитокот на општеството, општествените односи и човекот, кое создава мит за техниката и техничкиот прогрес. Во оваа смисла и значењето и улогата на работното и политехничкото воспитание се фетишизира и неговата суштина се гледа во настојувањето учениците да се запознаат со техничките достигнувања за да можат да го сфатат и разберат светот на техниката и да се прилагодуваат на нејзините барања. Според ваквото становиште, значењето на работното и политехничкото воспитание е токму во оспособувањето на учениците пасивно да го следат развитокот на техниката и да се прилагодуваат на неа.[11]

И првото и второто становиште може да се прогласат за екстремни и неприфатливи. Оттука и дилемата не е во тоа кое од овие сфаќања да се прифати во конципирањето на современото работно и политехничко воспитание, бидејки за педагошката теорија и практика еднакво е значајно како да се избори и против првото и против второто становиште.

---

[10] Научно-техническа революција и опщтество, Москва, 1973.

[11] Исто.

Од теориските прашања на современото работно и политехничко воспитание кои се поставуваат како дилеми треба да се наведе и проблемот на поврзувањето на наставата со производната работа на учениците. Како дилема во педагошката теорија се поставило прашањето за тоа во што конкретно се состои поврзувањето на наставата со производната работа на учениците, дали тоа значи исклучиво поврзување врз принципот „половина работа — половина учење“ или ова барање претставува пошироко сфаќање на проблемот и различни облици и форми на работа на учениците.

Од решението на ваквата дилема во педагошката теорија зависи концепцијата на работното и политехничкото воспитание. Меѓутоа, прашање е дали е потребно овој проблем да се поставува во облик „или — или“. Сметаме дека не само што не е потребно, туку е и погрешно, зошто барањето за поврзување на наставата со производната работа на учениците може да се оствари и преку учеството на учениците во непосредната производна работа во производните организации и преку разните форми на општествено-корисна работа на учениците, но и преку работа на учениците во училишните работилници, лаборатории, кабинети, училишни парцели, ученички задруги итн.

Во современата педагошка мисла прашањето за содржината на политехничкото образование се појавило како еден од основните проблеми на работното и политехничкото воспитание. Дилемата се состои во тоа дали политехничкото образование може да се постави така широко, односно тоа да води кон запознавање на учениците со основните принципи на сите гранки на производството, или е можно и потребно запознавање само со една или со група гранки од производството. Како последица на различните сфаќања од една страна, се појавила теоријата на т.н. „политехнизам“ по гранки“, а од друга страна, сфаќањето за инваријантните функции и облици на односи на работниците кои треба да бидат предмет на политехничкото образование.

Разгледувајќи ги дилемите на работното и политехничкото воспитание во современата педагошка теорија, не може да не се допре и до проблемот за возраста од која треба да се почне со работното политехничко воспитание на учениците. По однос на ова прашање присутни се нееднинствени мислења и тоа од сфаќања кои сметаат дека работното и политехничкото воспитание на учениците треба да започне уште во предучилишната возраст, па до такви становишта кои остварувањето на работното и политехничкото воспитание го врзуваат за вишите одделенија на основното училиште и средното образование.

Разрешувањето на наведените дилеми во теоријата на работното и политехничкото воспитание се јавува како основна претпоставка за постигнување на засновани теориски решенија во ова воспитно подрачје, и уште повеќе, единствено решение во концепирањето и реализирањето на современото работно и политехничко воспитание.

Marija KOSTOVA

# CURRENT PROBLEMS IN THE THEORY OF PERMANENT AND POLYTECHNICAL EDUCATION

(Summary)

In the paper the author deals with some theoretical possibilities in the permanent and polytechnical education. She says that they depend on many conditions, relations, situations which might be considered as suppositions for the determination of both the theoretical solutions and the practical attempts in the field of permanent and polytechnical education.

These suppositions are numerous, ambiguous and often interfere although, in general, their character is socio-economic, technical, technological, pedagogical and psychological. Of particular importance are the following suppositions: the current scientific revolution; the demand for the unity of education and work; the demand for a versatile personality as the aim of education; the correlation between the demand for a versatile personality and the demand for a good qualification; the modern character of the general, and polytechnical education and their interrelation; the psychological dimensions of work and permanent education.

It is significant to mention that the theoretical solutions in the field of permanent an polytechnical education are not always uniform Hence we can talk about dilemmas in the theory of the permanent and polytechnical education.

Here the author pays a special attention to some of the dilemmas concerning the following questions: — Is the question of permanent and polytechnical education necessary; and if it is so is it of fundamental significince; what is the position of this educational field or should the permanent and polytechnical education be only a teaching subject or a teaching principle, or both; then the dilemmas concerning the importance of permanent and polytechnical education for the development of personality.